# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен гласник на Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 22. Мај . 2013 год.<br>Скопје<br>Бр. 8 Год. VIII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров 6б.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1. Конкурс за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров.......................................................................**стр. 1**


**Скопје, Мај 2013 година**

Врз основа на член член 6 од Правилникот за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров, Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров , распишува:

**К О Н К У Р С**
**за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

Наградите, пофалниците и признанијата се доделуваат на ученици и наставници од основните училишта во Општина Ѓорче Петров поединечно и групно за особени постигнувања и успешни резултати на општински, градски, државни и меѓународни натпревари во кои учениците и наставниците го претставувале училиштето или општината во тековната учебната 2012/2013година.

**Советот на Општина Ѓорче Петров ги доделува следните награди:**

**(1) Првенец на генерација на на Општина Ѓорче Петров**

Првенецот на генерација на Општина Ѓорче Петров се избира од редот на Првенците на генерација на основните училишта.

Пријавените кандидати треба да достават потврда за успехот, поведението, учество во ученички активности, хуманитарни или други организации, награди, дипломи, пофалници и признанија за учество во натпревари во текот на школувањето.

**(2) Награди и Пофалници за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности**

Наградата за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности се доделува на ученици кои покажуваат примерен однос во училиштето, одличен успех во тековната учебна година, активно учествуваат во слободни ученички активности, постигнуваат успеси во натпревари и имаат освоено награди дипломи и признанија.

Пофалница за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности се доделува на ученици кои покажуваат примерен однос во училиштето и постигнуваат успеси во одредени области и имаат освоено награди, дипломи и признанија.

Право на учество имаат учениците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

Пријавените кандидати треба да достават потврда за успехот, поведението, учество во ученички активности, хуманитарни или други организации, награди, дипломи, пофалници и признанија за учество во натпревари за учебната 2012/2013.

**(3) Посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др.**

Посебна Пофалница за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др. се доделува поединечно или групно на ученици кои постигнуваат успеси во одредени области, имаат освоено награди, дипломи и признанија и ја промовираат Општината Ѓорче Петров.

Право на учество имаат поединци или група на ученици кои постигнале успеси во одредени области, имаат освоено награди, дипломи и признанија.

Пријавените кандидати треба да достават награди, дипломи, пофалници или признанија за учество во натпревари за учебната 2012/2013 .

**(4) Награда за истакнат педагошки работник**

Награда за истакнат педагошки работник се доделува на наставници и стручни соработници за постигнат успех во воспитно образовниот процес.

Право на учество имаат вработените во основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

Пријавените кандидати треба да достават потврда за учество во проекти поддржани од Министрството за образование и наука или други образовни институции, потврда за авторство или коавтоство на учебници, стручна литература и други написи во публикувани во стручни списанија сертификатиод од стручно усовршување во изминатите 3 години и освоени награди, дипломи или признанија за учество во натпревари за учебната 2012/2013.

**Сите поединечни пријави се доставаат до матичното основното училиште, а основното училиште сите пристигнати пријави ги доставува до Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров.**

**Конкурсот трае 15 дена од објавувањето.**

Скопје, 22.05.2013 година

**Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца**